Предлог

Врз основа на член 22, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___12.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 година

### I. Цели

- Воспоставување интегриран мониторинг за утврдување на квалитетот на водите во општината;
- Спроведување Оцена на влијанието врз животната средина при изведба на инфраструктурни проекти и урбанистички планови кои ги донесува општината;
- Стратешко локално планирање во заштитата на животната средина во општината;
- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината преку зголемено искористување на еколошки прифатливи извори на енергија и зголемена употреба на велосипедот како превозно средство;
- Подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината преку имплементација на мерки за редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот;
- Намалување на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата преку зголемување на површините со јавно зеленило во општината.

### II. Активности

1. **Мониторинг на квалитетот на водата на локациите за капење** – езеро Младост, река Тополка и река Бабуна, согласно Законот за водите.
2. **Изработка на проектна документација за животната средина:**
   - Елаборати за заштита на животна средина за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти во надлежност на општината,
   - Стратегиска оцена на влијание врз животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација,
   - Проектна документација за изградба на подземни контејнери (нови локации).
3. Подготовка на **Локален акционен план за животната средина (ЛЕАП)** - Локалните акциони планови за животната средина, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во даденото подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината. Овој

стратешки документ ги детектира актуелните состојби во областа на заштитата на животната средина и планира соодветни мерки за разрешување на идентификуваните проблеми.

4. **Спроведување на мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух** согласно Планот за квалитет на амбиентниот воздух 2018-2022, а кои се однесуваат на:
   - субвенционирање на физички лица за купен велосипед,
   - субвенционирање на физички лица за купен клима уред инвертор.
5. **Спроведување на мерки согласно Годишна програма за управување со отпадот,** а кои се однесуваат на:
   - набавка на опрема/нови садови за отпад за проширување на опслуженото подрачје со стандардизирани садови за отпад,
   - изградба на подземни контејнери,
   - чистење на диви депонии.
6. **Подигнување на нови зелени површини,** согласно Оперативна програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини за 2022 година, а кои се однесуваат на:
   - Реконструкција на дел од Градски парк преку хортикултурно и пејсажно уредување, поставување на урбана опрема, уредување на патеки и др.
   - Уредување на зелени површини пред комплекс “Вила Зора” и комплекс “Сив дом”,
   - Уредување на зелени површини во центарот на с. Башино село,
   - Пошумување на опожарено подрачје на езерото Младост,
   - Доделување повеќегодишни садници на правни и физички лица согласно одлука на Советот на општината.

| | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| **Р10** | **Заштита на животната средина и природа** | **4.000.000** |
| 1 | Анализи на квалитет на водите | 40.000 |
| 2 | Проектна документација за животна средина | 720.000 |
| 3 | Изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) | 540.000 |
| 4 | Чистење на диви депонии – дел од Годишна програма за управување со отпад | 500.000 |
| 5 | Субвенционирање на физички лица за купен велосипед и купен инвертор – дел од План за квалитет на амбиентниот воздух | 1.100.000 |
| 6 | Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 1.100.000 |
| **РА0** | **Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)** | **6.000.000** |
| 1 | Набавка на опрема за управување со отпад – дел од Годишна програма за управување со отпад | 3.500.000 |
| 2 | Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини – согласно Оперативна програма за реконструкција и подигање на | 2.500.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | нови зелени површини | |
| **ВКУПНО:** | | **10.000.000** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 10.000.000 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година, од надоместокот за поседување на Б-Интегрирани еколошки дозволи, Дозволи за усогласување со оперативен план, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини и од други такси и надоместоци.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ , а ќе се применува од 01.01.2022година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Програмата за заштита на животната средина се предвидени законски утврдените активности во делот на планирањето, проектирањето и директните мерки кои треба да се превземат.

Главен акцент е даден на активностите околу управувањето со отпадот како директна надлежност на општината согласно Планот за управување со отпад во Општина Велес, спроведување на Планот за квалитет на амбиентниот воздух и активности на зголемување на зелените површини во општината заради подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Програмата предвидува подготовка на ЛЕАП како највисок стратешки документ на општината во врска со планирање, управување и заштита на животната средина.

Оваа Програма предвидува проекти во насока на одржлив развој на општината и заштита на животната средина.